Врз основа на член 10 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, бр. 02-771/4 од 5.6.2021 година, донесен од Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија на ден 13.4.2024 година, се утврдува следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија
## (пречистен текст)

### 1.Општи одредби
### Член 1

(1) Дисциплинска постапка против нотар, заменик - нотар и нотар кој привремено ја врши службата (во натамошниот текст: нотар), води и дисциплински мерки изрекува Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), како првостепен орган, а по жалбите одлучува Второстепениот дисциплински совет, како второстепен орган, со директна примена на одредбите од Законот за нотаријатот и Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка (во натамошниот текст: Правилникот).

(2) Во дисциплинската постапка директно се применуваат одредбите од Законот за нотаријатот со кои се уредени прашањата на: дисциплинските органи и дисциплинската одговорност на нотарот, заменик - нотар и нотар кој привремено ја врши службата, поведување и водење на дисциплинска постапка, изземање, дисциплински повреди и дисциплински мерки, правен лек против одлука донесена во дисциплинска постапка, извршување на дисциплински одлуки и други прашања од значење за дисциплинската постапка.

### Член 2

Во овој Правилник, употребениот збор – нотар, во машки род, има неутрално значење и се однесува на мажи и жени.

### Член 3

Постапката пред Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисциплински орган е итна.

### Член 4

(1) Се смета дека нотарот не е одговорен за дисциплинска повреда, се' додека неговата одговорност не биде утврдена со конечно и правосилно решение.

(2) Решението на Дисциплинскиот совет против кое не е изјавена жалба, е конечно во дисциплинската постапка. Решението е правосилно кога повеќе не

може да се побива со жалба, односно кога управниот спор пред надлежниот суд правосилно е завршен, со денот на правосилноста на пресудата.

(3) Нотарот не може да биде огласен за виновен и да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда, која во време на сторувањето, како таква, не е утврдена со Законот за нотаријатот.

(4) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на нотарот.

**Член 5**

(1) Нотарот, против кого се води дисциплинската постапка, има право на непосредно произнесување пред Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисцилински совет.

(2) Во текот на дисциплинската постапка, нотарот има право на бранител од редот на адвокати.

## 2.Дисциплински органи

**Член 6**

(1) Дисциплински органи на Комората се:

- Дисциплинскиот совет, како првостепен дисциплински орган, и
- Второстепениот дисциплински совет, како второстепен орган.

**Член 7**

(1) Членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет се избираат на начин, во постапката и времетраење на мандат утврдени со Законот за нотаријатот и Статутот на Комората.

(2) Мандатот на членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет, започнува да тече од денот на одржувањето на конститутивната седница.

**Член 8**

(1) На конститутивната седница на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет, се избира претседател и негов заменик.

(2) Доколку за претседател на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет биде избран член кој не е нотар, во таков случај за заменик претседател се избира член од редот на нотарите и обратно.

(3) Заменик претседателот го заменува претседателот во случај на негово отсуство, и ги има истите права и должности како и претседателот.

(4) Заменикот на членот на Дисциплинскиот совет, го заменува членот во случај на негово отсуство, и ги има истите права и должности како и членот.

**Член 9**

(1) Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисциплински совет се самостојни и независни во водењето на постапката и донесувањето на одлуките, а за својата работа одговараат пред Собранието и Управниот одбор на Комората.

(2) Членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет, не можат да бидат повикани на одговорност за одлуките што ги донесуваат во текот на дисциплинската постапка.

(3) За своето работење во претходната календарска година, Дисциплинскиот совет поднесува писмен извештај до Собранието на Комората, а Второстепениот дисциплински совет поднесува писмен извештај до Управниот одбор на Комората.

**2-1.Изземање**
**Член 10**

(1) Нотарот има право, со писмено образложено барање, да бара изземање на член на Дисциплинскиот совет или на Второстепениот дисциплински совет, ако постојат околности што предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност во конкретниот дисциплински предмет.

(2) Органите од ставот (1) на овој член, ќе го прекинат постапувањето се до донесување на решение по барањето за изземање.

(3) По барањето за изземање одлучува Управниот одбор на Комората, по претходно писмено произнесување на членот на дисциплинскиот орган, во врска со причините поради кои се бара неговото изземање.

(4) Управниот одбор во најитен рок, а најдоцна на прва наредна седница одлучува со формално решение, кое се доставува до нотарот.

(5) Против решението со кое се одлучува по барањето за изземање не е дозволена посебна жалба.

**2-2.Секретар на дисциплинските совети**
**Член 11**

(1) Секретарот се избира на конститутивна седница на дисциплинските совети од редот на вработени во Стручната служба на Комората, дипломирани правници, со мандат, како и членовите на дисциплинските совети. Во негово отсуство го заменува заменик-секретарот на Комората. Еден ист вработен во Стручната служба на Комората може да биде секретар во двата дисциплински совети.

(2) Секретарот на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет, се грижи за уредноста на дисциплинските предмети, води евиденција на предметите кои се во работа, како и оние кои се правосилно завршени, учествува во работата на Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисциплински совет, со водење на записник од расправата, односно седницата и за советување на членови на дисциплинските совети, а врши и други работи по налог на претседателот на дисциплинските совети. Во договор со претседателот на дисциплинските совети, ги закажува расправите и седниците и ги известува лицата што треба да присуствуваат.

**2-3. Овластен соработник**
**Член 12**

(1) Во работата на дисциплинските совети, може да учествува лице - овластен соработник, кое врз основа на одлука од Управниот одбор е ангажирано за проучување на предмети во дисциплинска постапка. Овластениот соработник се определува од редот на истакнати правници.

(2) Овластениот соработник при проучување на списите на предметот е должен и овластен да соработува со претседателот и членот на Советот определен за известител и да ги прибира сите податоци, известувања, писмени

докази и мислења за фактите и околностите кои се од значење за давање извештај на Советот.

### 2-4. Стручна служба

**Член 13**

Административните и други работи за потреби на дисциплинските совети ги врши Стручната служба на Комората.

### 3.Дисциплинска одговорност

**Член 14**

(1) За повреда на законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и актите на Комората нотарот одговара дисциплински.

(2) Нотарот одговара дисциплински за повреда на службената должност што ќе ја стори по своја вина.

**Член 15**

(1) Дисциплинската повреда е сторена со умисла кога нотарот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото постапување или непостапување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.

(2) Дисциплинска повреда е сторена од небрежност кога нотарот бил свесен дека поради неговото постапување или непостапување може да настапи штетна последица, но сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност.

### 4. Првостепената постапка пред Дисциплинскиот совет

**Член 16**

(1) По приемот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, се образува предмет кој се заведува под датумот на приемот во уписникот „ДП“, при што добива соодветен број.

(2) Предлогот од став (1) на овој член веднаш се доставува до нотарот, на кој се однесува, кој во рок од осум дена од приемот, доставува писмен одговор и докази кои се наведени во предлогот, а се наоѓаат кај него.

(3) Во случај ако нотарот не постапи во согласност со став (2) од овој член, дисциплинската постапка продолжува, а Дисциплинскиот совет ќе цени од какво значење е фактот дека нотарот, кој располага со доказот, не сака да го достави или тврди дека не се наоѓа кај него.

**Член 17**

(1) Претседателот на Дисциплинскиот совет усмено определува член на советот, кој во соработка со овластениот соработник од член 12 на овој Правилник, го проучува и подготвува предметот за излагање.

(2) Излагањето по предметот, во својство на известител, го врши членот на советот од став (1) на овој член или овластениот соработник.

(3) Расправата пред Дисциплинскиот совет, започнува со извештајот на известителот за состојбата на работата по предметот.

### Член 18

(1) Дисциплинскиот совет ја спроведува дисциплинската постапка во полн состав.

(2) Во случај на спреченост за присуство, членот на Дисциплискиот совет е должен навремено да го извести секретарот.

(3) На седниците на Дисциплинскиот совет се одржува расправа по дисциплинскиот предмет.

(4) Расправата се одржува во службените простории на Комората.

(5) Во подготвителната фаза на одржување на расправата може да се спроведе извиди со цел за прибирање на докази, податоци и известувања кои овозможуваат завршување на дисциплинската постапка. Извидите ги спроведува секретарот на Дисциплинскиот совет, за што составува записник во кој се наведува начинот, времето и местото на кое е извршен извидот.

### Член 19

(1) Расправата ја закажува претседателот на Дисциплинскиот совет, а во негово отсуство замeникот претседател.

(2) Предлогот за поведување на дисциплинска постапка и писмениот одговор на нотарот се доставуваат во електронска форма на членовите на Дисциплинскиот совет најмалку осум дена пред одржување на расправата.

(3) На расправата се повикува нотарот и неговиот бранител, ако е посочен во одговорот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, сведоците, вештаците, а по потреба и други лица.

(4) Поканата за расправа се доставува најдоцна осум дена пред денот на одржувањето на расправата.

(5) Поканата за расправата содржи име и презиме на лицето кое се повикува, времето и местото на одржување на расправата, причината за повикување и својство во кое се повикува лицето во постапката.

(6) Во поканата за расправата, нотарот се предупредува дека ќе се одржи во негово отсуство, доколку отсуството е неправдано или не е поткрепено со соодветни докази.

(7) Доставата на поканата за расправата, како и на другите писмена кои се доставуваат во текот на дисциплинската постапка, се врши на нотарот против кого е поведена дисиплинската постапка.

### Член 20

(1) Пред почетокот на расправата, претседателот на Дисциплинскиот совет утврдува дали се присутни сите повикани лица.

(2) Расправата може да се одржи во отсутво на нотарот и неговиот бранител под условите утврдени со членот 19 став (4) од овој Правилник.

(3) По оцена на Дисциплинскиот совет, за расправата по конкретен дисциплински предмет може да се одржат повеќе рочишта.

(4) Во случаите од став (3) на овој член, Дисциплинскиот совет работи во ист состав. Доколку Дисциплинскиот совет продолжи со работа во променет состав, расправата мора да започне отпочеток.

## Член 21

(1) Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на Дисциплинскиот совет ја отвора, му дава збор на известителот од член 17 од овој Правилник, а потоа на нотарот и неговиот бранител, сведоците, вештаците и др., при што се грижи за правилно водење на дисциплинската постапка.

(2) Излагањето по предметот се врши усмено, при што се изложува состојбата на која се укажува во предлогот за поведување на дисциплинска постапка и онаа која се утврдува од списите на предметот. На крајот на излагањето, известителот е должен да наведе кои наводи од предлогот смета дека се основани, а кои не, како и да ги изнесе аргументите за тоа според состојбата во списите. тофо

(3) Претседателот и членовите на Дисциплинскиот совет може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

(4) По изјаснување на известителот и нотарот и изнесената одбрана, Дисциплинскиот совет пристапува кон изведување на предложените докази. Доказите се изведуваат со читање или со сослушување на сведоци, а кога е потребно се одредува и вештачење.

(5) На крајот на расправата нотарот и бранителот даваат завршен збор.

(6) Расправата, по правило, завршува во истиот ден кога е и започната, освен во случаите од член 20 став (3) на овој Правилник.

(7) За дејствијата преземени на расправата, секретарот на Дисциплинскиот совет води записник кој содржи податоци за составот на Дисциплинскиот совет, подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, времето и местото на нејзиното одржување, нотарот и неговиот бранител, доколку таков има, законскиот основ на дисциплинската повреда, битната содржина на исказот на нотарот, сведоците и изведените докази.

(8) Записникот мора да биде завршен со заклучувањето на расправата, а го потпишуватаат: претседателот, нотарот против кого се води дисциплинската постапка, односно неговиот бранител и записничарот.

(9) Доколку нотарот, или неговиот бранител одбијат да го потпишат записникот, одбивањето ќе се констатира во записникот на местото за потпис, а доколку се наведени, ќе се внесат и причините за одбивањето.

## Член 22

(1) По заклучување на расправата, Дисциплинскиот совет донесува одлука со мнозинство гласови.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Дисциплинскиот совет може да донесе одлука во рок од три дена од денот на заклучување на расправата ако за тоа постојат оправдани причини, односно во рок од осум дена ако се работи за очигледно сложен предмет.

(3) За советувањето и гласањето се составува посебен записник кој содржи: состав на Дисциплинскиот совет, место и време на одржување на советувањето, текот на гласањето и одлука.

(4) Издвоените мислења, доколку ги има, се внесуваат во самиот записник, а го потпишуваат сите членови на Дисциплинскиот совет и записничарот.

(5) Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обвивка, на која се става тркалезен службен печат на Комората.

(6) Записникот од ставот (2) на овој член, може да го разгледа само Второстепениот дисциплински совет, кога одлучува по жалба на нотарот и надлежниот управен суд во постапката по тужба на нотарот.

**Член 23**

(1) При изрекување на дисциплинската мерка, Дисциплинскиот совет ќе ги има предвид сите околности што влијаат дисциплинската мерка да биде помала или поголема (олеснителни или отежнителни околности), а особено степенот на дисциплинската одговорност, побудите од кои е сторена повредата и нејзините последици, околностите под кои е сторена повредата, поранешното однесување и вршењето нанотарските работите од страна на нотарот, како и други олеснителни и отежнителни околности.

(2) Во случај на поврат сторен во период од една до три години, се изрекува потешка дисциплинска мерка се' додека не се стигне до дисциплинската мерка трајно одземање на правото на вршење на нотарската служба.

**4-1 Одлуки на Дисциплинскиот совет**

**Член 24**

(1) Дисциплинскиот совет своите одлуки ги донесува во форма на решение, со мнозинство на гласови од вкупниот број на неговите членови.

(2) Дисциплинскиот совет донесува:

- Решение со кое се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка, доколку предлогот е недозволен, односно поднесен од неовластено лице;
- Решение со кое постапката се запира поради тоа што на нотарот му престанала службата;
- Решение со кое предлогот за поведување на дисциплинска постапка се одбива поради настапена застареност на водење на дисциплинската постапка;
- Решение со кое нотарот се ослободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда, и
- Решение со кое нотарот се огласува виновен за сторена дисциплинска повреда и со кое му се изрекува соодветна дисциплинска мерка.

**Член 25**

(1) Дисциплинскиот совет не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, во поглед на правната оцена на дисциплинската повредата.

(2) За сторена дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет може да ги изрече следниве мерки:

-Писмена опомена,

-јавна опомена,

-парична казна,

-привремено одземање на правото на вршење на нотарска служба и

-трајно одземање на правото на вршење нотарска служба.

(3) Паричната казна се изрекува во евра, во денарска противвредност според средниот курс што го објавува Народна банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

### Член 26

Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи:

- Вовед, во кој се наведува кој и кога го донел решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог,
- Изрека, во која се внесува краткиот опис на повредата за која нотарот е огласен за виновен и видот на изречената дисциплинска мерка, рок за извршување на дисциплинската мерка, образложение во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оцената на изведените докази и кои околности се земени предвид при изрекувањето на мерката и
- Поука за заштита на правата.

### Член 27

Писмено изготвено и образложено решение се доставува до нотарот и бранителот, ако учествувал во дисциплинската постапка, во рок од осум дена од денот на изготвеното решение.

## 5.Постапка пред Второстепениот дисциплински совет

### Член 28

(1) Против решението на Дисциплинскиот совет, со кое се изрекува дисциплинска мерка, нотарот има право на жалба до Второстепен дисциплински совет во рок од осум дена од приемот на решението.

### Член 29

(1) По приемот, жалбата се заведува во деловодниот уписник на Комората и се здружува со списите на предметот на кој се однесува.

(2) Предметот со сите списи, заедно со жалбата, се доставува до претседателот на Второстепениот дисциплински совет, кој постапува соодветно со членот 17 од овој Правилник.

### Член 30

(1) Седницата на Второстепениот дисциплински совет, по правило, се одржува без присуство на жалителот, освен во случај ако со жалбата побара да присуствува лично или преку или со својот бранител, на седницата на која се одлучува по жалбата.

(2) Во постапката пред Второстепениот дисциплински совет соодветно се применуваат одредбите од членовите 17, 18, 19, 20, 21 и 22 од овој Правилник.

### Член 31

(1) Во постапката по жалба, Второстепениот дисциплински совет одлучува со решение со кое:

- Жалбата ја отфрла како ненавремена или недозволена;
- Жалбата делумно ја уважува на начин што обжаленото решението, во еден дел, го потврдува а во останатиот дел го укинува и предметот, во тој дел, го враќа на повторно постапување и одлучување до првостепениот дисциплински орган,
- Жалбата ја одбива како неоснована и го потврдува обжаленото решението, и

- Жалбата ја уважува, обжаленото решение го укинува и предметот го враќа повторно постапување и одлучување до првостепениот дисциплински орган.

**Член 32**

Против решението од членот 31 став (1) алинеи 1, 2 и 3 од овој Правилник, нотарот има право да поведе управен спор пред надлежен управен суд, во согласност со Законот за управните спорови.

## 6.Извршување на дисциплинските одлуки

**Член 33**

(1) Правосилното решение донесено во дисциплинска постапка, го извршува претседателот на Комората.

(2) Изречената дисциплинска мерка се извршува најдоцна во рок од 30 дена од денот на конечноста и правосилноста, доколку не произлегува нешто друго од одлуката на Дисциплинскиот совет.

(3) Дисциплинската мерка писмена опомена, содржи предупредување да не се повтори повредата.

(4) Изречената јавна опомена се објавува во првиот нареден број на стручното списание „Нотариус" што го издава Комората. Објавата содржи деловоден број и дата на конечното решение, во согласност со одредбите за заштита на личните податоци, како и правната квалификација на сторената(ите) дисциплинска(и) повреда(и).

(5) Изречената парична казна, нотарот е должен да ја уплати на сметка на Комората. Врз основа на писмено барање на нотарот, претседателот на Комората со решение може да одлучи извршувањето на паричната казна да се определи во најмногу три еднакви месечни рати, што зависи од висината на изречената казна.

(6) Во случај ако нотарот не постапи во согласност со ставот (4), претседателот на Комората поднесува барање за извршување во согласност со Законот за извршувањето.

(7) Паричните средства добиени со извршување на паричната казна, кои се уплатуваат на сметка на Комората, се наменски и се користат за стручно усовршување на нотарите.

## 7. Поврат на дисциплинска повреда

**Член 34**

Доколку нотарот не стори поврат во рокот уреден со член 133 став (3) од Законот за нотаријатот, порано изречените дисциплински мерки нема да се земаат во предвид.

## 8. Надоместок на трошоци

**Член 35**

Надоместокот на трошоци за работата на членовите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет и на овластениот соработник се определува со одлука, која ја донесува Управниот одбор на Комората.

## 9. Преодни и завршни одредби

**Член 36**

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла и на веб страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

(2) Правилникот од став (1) на овој член ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

**Член 37**

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската Комора на Република Македонија од 29.9.2007 година, 27.3.2010 година, 22.4.2012 година и 22.3.2014 година.

(2) Започнатите постапки по Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската Комора на Република Македонија од 29.9.2007 година, 27.3.2010 година, 22.4.2012 година и 22.3.2014 година, кои се уште не се завршени, продолжуваат согласно одредбите од овој Правилник.

**СОБРАНИЕ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ